Australian Macedonian
# TODAY
36 YEARS
Австралиско Македонски ДЕНЕС
YEAR XXXVI No 1999 9 JULY 2026 FREE

# РАКЕТЕН ТЕСТ НА КИНА ЈА РАЗБРАНУВА АВСТРАЛИЈА: „ПАЦИФИКОТ НЕ Е ВОЕН ПОЛИГОН“



Кинеското тестирање на балистичка ракета над Пацификот предизвика тензии во регионот и ги поттикна Австралија и Соломонските Острови да ги зајакнат меѓу- себните односи и безбедносната соработка.

Австралискиот прајминистер Ентони Албанезе, кој престојува во Соломонските Острови, оцени дека лансирањето е „провокативен потег“ и предупреди дека ваквите активности можат да ја нарушат стабилноста во Пацификот. Според него, доколку ракетата била вооружена, можела да предизвика сериозна штета.

Во меѓувреме, Австралија интензивно работи на зајакнување на врските со пацифичките држави преку нови договори за одбрана и безбедност, настојувајќи да го ограничи влијанието на Пекинг во регионот. Аналитичарите оценуваат дека кинескиов ракетен тест дополнително ќе ги зближи земјите од Пацификот со Канбера и ќе ја засили регионалната соработка во областа на безбедноста.



# ПАДОТ НА МРЕЖАТА НА TELSTRA ГИ ПРЕКИНА ПОВИЦИТЕ, ПЛАЌАЊАТА И ИТНИТЕ СЛУЖБИ

Австралискиот телекомуникациски гигант Telstra се најде под жестоки критики откако со доцнење ја известил федералната Влада за големиот прекин на мобилната и интернет-мрежата, кој погоди милиони корисници низ Австралија.

Министерката за комуникации Аника Велс изјави дека Владата не била навреме информирана, иако прекинот веќе предизвикувал сериозни проблеми. Иљадници граѓани останаа без можност да телефонираат, да користат мобилен интернет и дел од дигиталните услуги, а во некои региони беа нарушени и електронските плаќања, железничкиот сообраќај и повиците кон службите за итни случаи.

Федералните власти ќе испитаат не само што го предизвикало прекинот, туку и дали операторот навремено ги исполнил обврските за известување на надлежните институции. Случајот повторно ја отвори дебатата за сигурноста на телекомуникациската инфраструктура и потребата од построги процедури при вакви инциденти.



FREE DIGITAL EDITION
SCAN the QR CODE
SIGN UP NOW!
РЕГИСТРИРАЈТЕ СЕ ЗА ДА ГО ДОБИВАТЕ БЕСПЛАТНО
ДИГИТАЛНОТО ИЗДАНИЕ НА www.australianmacedonian.com.au/subscribe

# Владата распиша нови рударски концесии во цела источна Македонија — екологистите на нозе!

Владата распишала концесии за проспекциски геолошки истражувања за рудници во речиси цела источна Македонија, а одлуката е веќе објавена во Службен весник на 3 јули, потпишана од заменик-министерот за земјоделство - објави еколошкото здружение „Здрава котлина", кое со години се бори против отворање на рудници и уништување на животната средина.

Активистите најавуваат жесток отпор против давањето државна земја на приватни фирми за отворање рудници.

„Ова е повик за сплотеност, будност и долгорочен отпор против рударските јаничари во владата кои се дрзнаа повторно со одлука на Влада да издадат и продадат македонската земја на светските рудари и да ја направат колонија заради пари на поединци во врвовите на политичките партии. Поранешниот министер за земјоделство Ацо Спасеновски беше клучната фигура зад пропаднатиот рудник Казандол во Валандово преку компанијата 'Сардич'. Кога државата го раскина тој штетен договор поради неисполнети обврски, овие инвеститори ја тужеа сопствената земја пред меѓународен суд, барајќи дури 380 милиони евра директно од вашите џебови. Многу патриотско нели… И Спасеновски и актуелниот потписник на оваа најнова рударска офанзива, заменик-премиерот Љупчо Димовски, во минатото беа под тешки кривични истраги токму за злоупотреби со доделување на државно земјоделско земјиште. Додека Спасеновски тогаш заврши во куќен притвор, Димовски бесрамно се спаси од одговорност криејќи се зад пратеничкиот имунитет. Денес, истиот тој човек ја потпишува одлуката со која половина Македонија се претвора во рударско решето", велат од здружението.

Воедно, преку соопштението велат дека ќе има мобилизација за долгорочен отпор, а „борбата што е пред нас не е спринт, туку маратон на издржливост". Ги повикуваат советите во општините да дадат негативно мислење на секое пристигнато барање за проспекција, а притоа додаваат дека советниците и градоначалниците мора да се под постојан притисок, со цел „да не им текне да издадат позитивно мислење".



AUSTRALIAN MACEDONIAN TODAY
Published by:
AEA ETHNIC PUBLISHERS P/L
Postal: PO Box 544
Thomastown,
Victoria 3074 Australia

Phone: 0403 152 671
Email: amwtoday@icloud.com




# Под лупа 20 канали - МВР и АНБ проверуваат ширење омраза и врски со организации

Околу 20 комуникациски канали, меѓу кои веб-портали и профили на Фејсбук и Инстаграм, се предмет на истрага што ја спроведуваат Министерството за внатрешни работи и Агенцијата за национална безбедност. Според информациите, истрагата се води по сомневања дека овие канали биле користени за организирано ширење говор на омраза и поттикнување тензии преку содржини поврзани со односите меѓу Македонија и Бугарија.

Изворите наведуваат дека истражните органи веќе обезбедиле дел од доказниот материјал, но дека активностите сè уште се во тек. Во фокусот на проверките се повеќе објави од изминатиот период, како и други провокативни материјали за кои постојат сомневања дека имале цел да поттикнат меѓусебни навреди, омраза и заострување на јавната дебата меѓу македонски и бугарски граѓани.

АНБ и во март годинава спроведе истрага против организирана мрежа, која преку пропагандни активности поттикнува омраза, нетрпеливост и насилство помеѓу македонските и бугарските граѓани во двете земји. Виктор Стојанов, бугарски државјанин и претседател на Фондацијата „Македонија", е лицето што тогаш беше опфатено во пријавата за ширење расистички и ксенофобичен материјал.

Сега се испитува и начинот на финансирање на дел од активностите, како и евентуални врски со организации и здруженија, но засега без дополнителни детали, бидејќи постапката е во тек.





# Мицкоски: Предвреме вратен е долг од претходната Влада со износ од 700 милиони евра

Министерството за финансии ја исплати евро обврзницата од 2020 година. Премиерот на Владата Христијан Мицкоски даде свое видување што тоа ќе значи за јавниот долг на државата.

- Вратени се 700 милиони евра (A$1.15 милијарди) која што претходната Влада ги зема во 2020 година, и тие се вратени пред време со што се заштедени неколку милиони евра. Во рамки на можностите на Буџетот, ние оваа година треба да вратиме 2.5 милијарди евра (A$4.12 милијарди) стари долгови направени од претходната Влада. Во моментот се врши исплата на т.н. „солидарен данок", прва рата во вредност од 250 милиони евра од претходната Влада, потенцира Мицкоски.

Премиерот истакна дека во моментот ги сервисирааат сите обврскии и недовршени работи од претходната Влада.

- До сега во овие две години сервисирани се или репрограмирани се околу 4.6 милијарди евра (A$7.6 милијарди). Тоа е долг и обврски создадени од 7 години влада на СДСМ и ДУИ, кои во најголем дел се од тој период. Процентуално тоа е нешто повеќе од 3/4 од вкупниот долг. Ние ги сервисираме тие обврски и истовремено изнаоѓаме средства за инфраструктурни проекти коишто вие ги гледате, потенцира Мицкоски.

# Силјановска-Давкова ја поддржа идејата за нов лекторат во Турција



Претседателката Гордана Силјановска-Давкова, во рамките на својата посета на Турција, оствари средба со припадници на македонската заедница во просториите на македонската амбасада во Анкара. На средбата присуствуваше и Севим Оздемир, претседателка на Здружението „Иселениците од Румелија".

Како еден од клучните заклучоци од оваа средба произлезе иницијативата на проф. д-р Мелахат Парс, раководителка на Катедрата по македонски јазик при Анкарскиот универзитет за етаблирање на целосна катедра и отворање на нов Лекторат по македонски јазик во Анкара.

– Оваа иницијатива ја препознавам како природен и стратешки чекор. Во земја каде што живее бројна заедница со македонско потекло, лекторатот ќе биде простор за изучување, негување и афирмација на македонскиот јазик, истакна претседателката Силјановска-Давкова.

Таа додаде дека во средоштвата на нашите иселеници се преплетуваат спомените за родниот крај, постојаната грижа за македонскиот јазик, како и одговорноста ова културно богатство да им се пренесе на идните генерации во Турција.

Во моментов функционираат 12 лекторати по македонски јазик во 11 земји.







**Помогнете ни да разбереме што ѝ треба на Австралија сега и во иднина. Пописната вечер е вторник, 11-ти август**

census.abs.gov.au/macedonian

Australian Bureau of Statistics

Census

Одобрено од австралискиот Завод за статистика, Канбера

Authorised by the Australian Bureau of Statistics, Canberra

# АВСТРАЛИЈА И ВАНУАТУ ПОТПИШАА БЕЗБЕДНОСЕН ДОГОВОР

Австралија и Вануату потпишаа билатерален договор за безбедност и економска соработка, со кој се забранува воспоставување странски воени бази на територијата на Вануату, ограничувајќи ја можноста за кинеско воено присуство.

Договорот во Канбера го потпишаа австралискиот прајминистер Ентони Албанезе и премиерот на Вануату, Џотам Напат. Со него Вануату се обврзува да не дозволува изградба на странска воена инфраструктура и да ја заштити клучната национална инфраструктура од надворешно влијание.

Договорот е дел од пошироките напори на Австралија да го зајакне своето безбедносно влијание во Пацификот. Иако Вануату ќе ја консултира Австралија за големи инфраструктурни проекти, Канбера нема право на вето, а соработката со други партнери, вклучително и Кина, останува можна.



# ЗАОСТРЕНИ ПРАВИЛАТА ЗА СОЦИЈАЛНИ МРЕЖИ: КАЗНИ ДО 100 МИЛИОНИ ДОЛАРИ

Австралија предлага нови построги мерки за спроведување на забраната за користење социјални мрежи од лица под 16 години. Според предлог-законот, технолошките компании што нема да спречат малолетници да ја заобиколат забраната ќе се соочат со казни до 100 милиони долари.

Со измените се предвидуваат и поголеми овластувања за интернет-регулаторот eSafety, кој ќе може да бара интерна документација од компаниите за да провери дали ги спроведуваат мерките. Веќе се водат истраги против повеќе платформи, меѓу кои Фејсбук, Инстаграм, ТикТок, Снепчет и Јутјуб.

Властите признаваат дека и покрај забраната, многу деца сè уште ги користат социјалните мрежи. Слични ограничувања се воведуваат или се разгледуваат и во Франција, Велика Британија и други земји, додека истражувањата покажуваат дека ваквите забрани често се заобиколуваат.

ПОВРЕДЕНИ? INJURED?



✓ Сообраќајни повреди TAC
✓ Повреди на работа WorkCover
✓ Суперануација и траен инвалидитет Superannuation TPD
✓ Сите видови на повреди All Injury Claims
✓ Првата средба е бесплатна Free First Appointment
✓ Зборуваме Македонски
✓ Повеќе од 30 години искуство во областа за отштета од повреди

NO CLAIM NO FEE

JOHN DELLIOS & ASSOCIATES
183 High Street Thomastown (03) 9464 4000 LAWYERS

## Археолозите уште не можат прецизно да кажат

# Кој е античкиот град кај битолско Црнобуки?

Над 400 монети досега се пронајдени во петгодишните систематски ископувања во археолошкиот локалитет Градиште кај селото Црнобуки, Битолско. Збирката е збогатена и со монетите од годинешните истражувања кои продолжија во локалитетот, за да се доистражи дрвниот македонски град. Координаторот на проектот, Енгин Насух, археолог советник-кустос во Завод и музеј Битола, вели дека меѓу движните наоди има и моненти ковани во времето на македонскиот крал Филип Втори Македонски, татко му на Александар Велики.

- Пронајдени се монети и од Октавијан Август, понатаму од градовите Тесалоника, Пела, Амфиполис, Дирахион. Монетите од годинава ги чистиме да видиме што друго ново ќе излезе, но веќе имаме импозантна бројка над 400 откриени во овие години. Монетите доста добро ни ја раскажуваат хронолошката приказна за градот кој постоел во Црнобуки, вели Насух.



- Со сигурност велиме дека се работи за град од македонско-хеленистичкиот период, кој опстојувал сѐ до крајот на старата ера. Имаме неколку теории за тоа кој град бил ова, но сепак не сакаме да се истрчаме, вели Насух

Меѓу монетите откриени во изминатите години имаше и сребрена со ликот на Александар Трети Македонски, односно Александар Велики, и уште многу сребрени од републиканскиот римски период (од 104 до 41 година пред нашата ера). Збирката со римски монети веројатно е најголемото досега откриено депо на сребрени монети од тој период во Македонија.

Постојат мислења дека во Црнобуки во минатото бил градот Персеида, оформен од Филип Петти како одбрана од продорот на Римјаните, или пак дека е градот Линк, главен град на петото македонско кралство, во кој е родена мајката на Филип Втори, односно бабата на Александар Велики. Но, археологот Насух смета дека е неблагодарно да се каже за кој град се работи, додека научно точно не биде доутврдено.

Со истражувањата во Градиште продолжува мешовитиот македонско-американски тим од Завод и музеј – Битола и Универзитетот „Кал Поли Хамболд“ од Арката, Калифорнија, САД. Во американскиот тим кораководител е Ник Ангелоф, а вклучени се и Џесика Морис и уште 25 студенти и волонтери од САД.

За откритијата од Градиште кај Црнобуки во 2025 година пишуваа повеќе влијателни светски медиуми и бројни специјализирани археолошки изданија. Причината за големиот интерес се должеше на претпоставките дека е можно е да станува збор за главниот град на државата Линкестида, поврзан со семејството на Александар Велики.

Reg. No. A0042461G АХАМ BRIDGE OF HUMANITY ABN 93 019 262 123

АХАМ ГАРАНТИРА ДЕКА ВАШИТЕ ИСПРАТЕНИ БОКСИ ЌЕ ИМ БИДАТ ЛИЧНО ПРЕДАДЕНИ НА ПРИМАЧИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ВО РОК ОД ТРИ МЕСЕЦИ ОТКАКО КОНТЕЈНЕРОТ ЌЕ ЗАМИНЕ ОД АВСТРАЛИЈА

Места каде се издаваат и примаат кутиите

**ВИКТОРИЈА**
Илија Јошевски Мечето 93673091, моб: 0418 396 256
Дијана Мицалевска Пупалевска 0414 743 117
**ЏИЛОНГ:** Коста 0401 550 841
**АЛТОНА:** Јован 9314 8585 ,0434 088 440
**АРДИА:** Милорад и Сенди 9363 3635
**БАНДУРА:** Филимена 9467 8027
**БОКС ХИЛ-РИНГВУД:** Гоце 0431 518 568
**ДАНДЕНОНГ:** Борката 9795 6305, 0411 767 613
**КИЛО-СЕНТ АЛБАНС:**
Ило Мечето 9367 3091, 0418 396 256
**ЕСЕНДОН – АВОНДАИЛ ХАЈТС:**
Целе Велјановски 9337 3931
**ЛАЈЛОР ЕПИНГ:**
Кинг Фреш Бурек 9401 4777,
Стојна и Панде 0481 184 038
**МЕЛТОН:**
Драги 0419 325 848
**ПРЕСТОН – НОРТКОТ:**
Валентина 0451 820 045
**ПРЕСТОН:** Аница 0409 416 273, Валентина 0451 820 045
Милка и Љупчо, Авио Травел 9471 4556, 9471 4559
**РЕЗЕРВО:** Ило 9460 7802, 0432 654 251
**СЕНТ АЛБАНС:**
Кинг Фреш Бурек -9364 3752, 0414 544 563
**ЈАРАВИЛ:** Трена 9687 4663

**НОВ ЈУЖЕН ВЕЛС**
**СИДНЕЈ:** Љупчо 0415 801 989
**АРНКЛИФ:** Горан 0414 597 595
**БЕНКСТАУН – ЈАГУНА:** Сашо 9707 1430, 0416 934 638, Џексон - 9793 0366, 04О7 175 727
**КАНЛЕЈ ВАЛИ:** Илија 9754 2287
**РОКДАЕЛ:** ВМ Центури Травел 9587 5493
**КАНБЕРА – КВИНБИЈАН:** Душица 0404 149 965
**ВОЛОНГОНГ – ПОРТ КЕМБЛА:** Васко 0450 484 418

**ЈУЖНА АВСТРАЛИЈА**
**АДЕЛАИД:** Драго 08 8345 1381

**ЗАПАДНА АВСТРАЛИЈА**
**ПЕРТ:** Славе 08 9300 8342, 0419 997 719, Ислам 9440 4038, 0433 214 874

**КВИНСЛЕНД**
**БРИЗБЕН:** Весна 0433 218 018, Невенка 0402 847 225

Добиената сметко-потврда е Tax Deductable, а ако ја пријавувате на вашата годишна такса

# Да се „врти“ парата: Куманово ќе земе кредит од А$2.6 милиони, откако за бесплатен превоз потроши А$6.6 милиони



Општина Куманово доби согласност од Советот за задолжување кај комерцијални банки во износ од А$2.66 милиони за купување камиони за ЈП „Чистота и зеленило“ и поставување фотоволтаични системи за ЈП „Водовод“. Советниците од ЗНАМ, ВМРО-ДПМНЕ и Вреди ја поддржаа одлуката, која беше усвоена со 16 гласа „за“, пет „против“ и еден „воздржан“.

Градоначалникот Максим Димитриевски повеќе пати истакнува дека оваа општина нема повеќе долгови.

Барањето за задолжување на Куманово се совпадна со укинувањето на бесплатниот јавен превоз на 1 јули, кој траеше три и пол години и ја чинеше општината околу А$6.6 милиони, што предизвика револт кај советниците од опозицијата, бидејќи сметаат дека непотребно се фрлени големи пари на сметка на големиот број на нерешени проблеми во градот. Дел од советниците побараа градоначалникот да дојде на седницата и да одговори каде се 5 милиони евра (А$8.25 милиони) од продажбата на земјиштето на „Лидл“ во Индустриската зона во Речица, за кои тврдеше дека ќе бидат потрошени за крупни инфраструктурни проекти. Во моментот на општинската сметка има околу А$600,000.

На истата седница беше донесена одлука и за зголемување на цената на услугата за изнесување смет на ЈП „Чистота и зеленило“ за 30%, за да му се помогне на претпријатието да излезе до долгорочната криза. Сите јавни претпријатија во Куманово работат со загуби: „Водовод“ има долг од околу А$24 милиони, а „Чистота и зеленило“ околу А$16 милиони.

# Повторно има патнички воз до Велес и Гевгелија, ќе биде и до Битола штом заврши поправката на мостот кај Лознани



Заврши реконструкцијата на железничката пруга од Скопје до Зелениково и од 7 јуни повторно сообраќаат патнички возови кон Гевгелија и Велес, соопштија од Јавното претпријатие „Македонски железници - Инфраструктура“. Две седмици беа запрени сите возови од Скопје кон југот на земјата поради реконструкција на пругата до Зелениково, за реализација на проектот за Градски воз. Сега повторно има воз наутро и попладне на релацијата Скопја-Гевгелија како и утринскиот од Велес за Скопје и ноќниот од Скопје за Велес.

Одреден период нема да сообраќа ниту еден од трите патнички воза од и за Битола. Причина е реконструкцијата на мостот кај село Лознани, каде се работи на експресниот пат Прилеп-Битола. Најавите се дека ќе биде до крајот на месецов. Патниците пак, кои ги има сѐ помалку со железница, очекуваат дека нема повеќе на релацијата Скопје-Велес да се патува по два и повеќе часови, откако лани на 2 април надојдената Маркова Река однесе дел од пругата. Возовите патуваа со брзина од 20-30 км/час.




# Мицкоски ги прифаќа барањата на опозицијата - само да има договор

- Подготвени сме да ги прифатиме сите барања на СДСМ. Немаме никаков проблем. Од Левица побараа да бидат вклучени на списокот за државно финансирање на изборната кампања - во ред, нека има помалку пари за нас. Согласни сме и да има една изборна единица. Само да се донесе Изборниот закон (ИЗ). Но принципиелно сме против барањето во ДИК да се одлучува со консензус. Со консензус се одлучува само во еднопартиски систем. Во демократија мнозинството ја носи одлуката. Ние не сме консензуална држава, ниту еднопартиски систем, па сите одлуки да се носат со консензус, изјави деновиве премиерот Христијан Мицкоски.

Ова значи дека блокираните измени на ИЗ во Собранието ќе треба добро да се преработат - да се смени организацијата на изборите од 6+1 во една изборна единица (вклучувајќи ја и ДИК), да се утврди прагот на освоени гласови за влез во поделбата на пратеничките места, да се утврди процесот на кој дијаспората ќе гласа (ако веќе сите партии се согласуваат тоа да биде преку пошта: како ќе се добива ковертот со гласачкото ливче, како ќе се испраќа, кој ќе го плаќа сето тоа и сл.), да се овозможи партии како Левица со 6 пратеника да влезат во списокот на корисници на државни пари за рекламирање (или најдобро сосема да се укине финансирањето на партиското рекламирање од државниот буџет)…


Жељко Стојаковиќ
Barristers & Solicitors



РАЗУМНИ ЦЕНИ ЗА НАШИТЕ УСЛУГИ

- Challenging Wills
- Family Law
- Criminal Law
- Wills & Probate
- All Courts & Tribunals

- Оспоруваме тестамент
- Семејно право
- Кривично право
- Тестаменти и Оставнина
- Сите судови и трибунали

Suite 5, Floor 1, 332A Main Rd East, St Albans
Tel: (03) 9310 9971




СДСМ поднесе 10.000 а Левица 3.500 амандмани на измените на ИЗ во предложената форма во Собранието, со цел токму да го блокираат нивното донесување зашто сметаат дека ВМРО-ДПМНЕ „си ги пишала внатре сите желби и фантазии“.

Премиерот Мицкоски, пак, оцени дека овие политички партии излегле со сосема радикализирани позиции, свесни за поразот на следните парламентарни избори.

**Една изборна единица:** Помалите политички партии се чувствуваат хендикепирано бидејќи нивните гласови се распространети низ сите 6 изборни единици и поради тоа губат пратенички места за кои сметаат дека би им припаднале во случај изборите да се во една изборна единица (на купче, што би се рекло). Идејата за една изборна единица е од поодамна, била повеќепати дискутирана и декларативно е прифатена од големите политички партии. Проблем е цензусот односно прагот на гласови што некоја листа треба да ги освои за воопшто да влезе во поделбата на пратенички места. Од ДУИ, на пример, деновиве го повторија ставот дека прифаќаат една изборна единица, со тоа што партиите ќе имаат отворени листи и во поделба на пратеничките места да влезат само оние партии кои ќе освојат најмалку 5% од гласовите на вкупно запишаните избирачи (при околу 1.8 милион запишани листата треба да освои најмалку 90 илјади гласови). На изборите во 2024, на пример, Левица освои 67.218 а ЗНАМ 55.411 што би значело дека во тој случај би останале без ниеден пратеник.

Контрапредлогот на помалите партии е цензусот да биде 3% и да важи за бројот на гласови од излезените гласачи а не од вкупно запишаните. Излезноста во 2024 беше 55.34% и во тој случај цензусот за поделба на пратеничко место би бил освојување околу 30 илјади гласови.

**Гласањето на дијаспората:** Промените се планира да започнат од следните претседателски избори - во април 2029 година.

# Секој Македонец лани создал по 417 килограми ѓубре



Во текот на минатата година во Републиката биле создадени вкупно 755,7 илјади тони комунален отпад, што значи дека секој жител во просек создал по 417 килограми ѓубре. Ова е за околу пет проценти помалку во споредба со 2024 година, односно се создадени околу 20 килограми помалку отпад по жител. Просекот на отпад во Македонија е понизок во однос на европските земји.

Индустријата, пак, создала околу 1,2 милиони тони отпад, што изнесува приближно 655 килограми по жител годишно. Оваа количина е значително пониска во споредба со европскиот просек (4.850 кг по жител).

Најголем дел од комуналниот отпад во земјата потекнува од домаќинствата. Според податоците, дури 84% од вкупното количество отпад го создаваат граѓаните во своите домови, додека преостанатите 16% доаѓаат од комерцијалниот сектор – продавници, ресторани и канцеларии.

Анализата на составот на отпадот покажува дека селекцијата сè уште е на ниско ниво.

Најголеми количини отпад се создаваат и собираат во Скопскиот Регион, додека најмалку отпад се регистрира во Североисточниот Регион.

Како посебен проблем кај македонските податоци се издвојува уделот на опасниот, односно токсичен отпад. Во земјата тој претставува околу една четвртина од индустрискиот отпад, додека во Европската Унија учеството е околу пет проценти, што се поврзува со поразвиените технологии за обработка и неутрализација на отпадот уште во производните капацитети.




# МВР: Криминалитетот во државата е на најниско ниво во последните 20 години

Криминалитетот во Македонија е на најниско ниво во последните 20 години, а во изминатите две години е намален за 30%, објави Министерството за внатрешни работи.

„Истовремено ја зголемивме ефикасноста во откривањето на кривичните дела и нивните сторители на 69%.

Во борбата против организираниот криминал сузбивме над 30 организирани криминални групи, а бројот на разбиени групи поврзани со корупција е зголемен за 50%" – стои во објавата на МВР на Фејсбук.

Како што дополнуваат, во борбата против трговијата со дрога се откриени 1.600 кривични дела, пријавени околу 1.900 сторители, запленети 6,2 тони наркотична дрога, спречени девет меѓународни транспорти на марихуана и кокаин, а запленетите на кокаин се зголемени за повеќе од 300 проценти.

„Паралелно со тоа, имотниот криминал е намален за повеќе од 30 проценти, а разбојништвата и разбојничките кражби за над 40 проценти, што значи поголема сигурност за секое семејство и секоја локална заедница" – се дополнува во објавата.

# "Успение на Пресвета Богородица" - Сиденхам



Свештеникот, протерej ставрофор **Ефтим Бетински** ќе биде достапен во црквата *"Успение на Пресвета Богородица"* секој ден од понеделник до петок, од 10:00 до 15:00 часот, Моб: **0499 007 574** или email: *betinski_e@yahoo.com*

Неделната богослужба е од 9:00 часот.

*Macedonian Australian Orthodox Church «Uspenie na Presveta Bogorodica - St. Mary" Western Region inc.- 340 Sydenham Road Sydenham Vic 3037*



# ПОПИСОТ 2026 ЌЕ ЈА ПОКАЖЕ ВИСТИНСКАТА БРОЈНОСТ НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО АВСТРАЛИЈА




**Македонската заедница во Австралија претставува една од поголемите европски дијаспори во земјата. Според Пописот од 2021 година, 111.352 жители се изјасниле дека имаат македонско потекло, додека 66.173 лица го зборуваат македонскиот јазик во своите домови. Со тоа, македонскиот е 27-от најзастапен јазик што се зборува во Австралија**

На 11 август 2026 година Австралија повторно ќе го спроведе националниот Попис на населението – најголемото статистичко истражување во земјата, кое се организира на секои пет години. Австралиското биро за статистика (ABS) ги повикува сите лица што ќе се наоѓаат во земјата на пописната вечер да бидат вклучени во пописниот формулар.

Пописот собира информации за возраста, земјата на раѓање, културното потекло, јазикот што се зборува дома, образованието, вработувањето и условите за живеење. Добиените податоци се користат за планирање на здравствените услуги, училиштата, јавниот превоз, инфраструктурата и локалните програми за поддршка на семејствата и заедниците.

Според законот, секој што ќе се наоѓа во Австралија во ноќта меѓу 11 август мора да биде опфатен со Пописот. Тоа се однесува не само на австралиските државјани и постојаните жители, туку и на носителите на визи, меѓународните посетители и странските студенти. Исклучок се австралиските жители кои во тој момент ќе бидат надвор од земјата, како и странските дипломати и членовите на нивните семејства.

Во пописниот формулар задолжително треба да бидат наведени сите лица кои престојуваат во домаќинството на пописната вечер, вклучувајќи ги посетителите и бебињата. Пописот е задолжителен според Законот за попис и статистика од 1905 година, а Австралиското биро за статистика нагласува дека сите лични податоци се строго заштитени со закон и не се споделуваат со други владини институции.




## Пополнување онлајн или на хартија

Кон крајот на јули домаќинствата ќе добијат инструкции по пошта за пополнување на Пописот. Повеќето ќе добијат писмо со 16-цифрен пописен број и привремена лозинка, со кои формуларот може да се пополни електронски. Дел од домаќинствата ќе добијат и печатен формулар, кој по пополнувањето може бесплатно да се врати преку приложениот плик.

Меѓународните посетители и студентите кои престојуваат во хотели, мотели или студентски домови ќе добијат инструкции директно од персоналот на објектот. Пописот може да се пополни и со помош од службите на Австралиското биро за статистика.

## Важен попис за македонската заедница

Пописот има особено значење за македонската заедница во Австралија, која претставува една од поголемите европски дијаспори во земјата. Според Пописот од 2021 година, 111.352 жители се изјасниле дека имаат македонско потекло, додека 66.173 лица го зборуваат македонскиот јазик во своите домови. Со тоа, македонскиот е 27-от најзастапен јазик што се зборува во Австралија.

Најголем број Македонци живеат во државите Викторија и Нов Јужен Велс. Во Викторија се регистрирани 49.429 лица со македонско потекло, претежно во северните и западните предградија на Мелбурн, особено во општината Витлси и Бримбенк. Во Нов Јужен Велс живеат 43.775 Македонци, најмногу во Сиднеј во пошироките области на Кентербери-Банкстаун и Вулонгонг. Во Западна Австралија се евидентирани 11.327 лица, претежно во градските општини Стирлинг и Ванеру во Перт.

Токму затоа, учеството на македонската заедница во Пописот е важно за реално прикажување на нашата бројност и потребите на заедницата. Податоците добиени од Пописот имаат директно влијание врз планирањето на образовните, културните, здравствените и другите јавни услуги што ги користат Македонците низ Австралија.

# МЛАДИТЕ ИГРАОРЦИ ОД АВСТРАЛИЈА ЈА ПОЧУВСТВУВАА- МАГИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА




## Во земјата на своите предци и приредија вистински фолклорен спектакл, покажувајќи како македонската традиција се чува и се пренесува и на илјадници километри оддалеченост од татковината



### „Светлост“ од Мелбурн и „Македонски бисери“ од Волонгонг настапија во Скопје, претставувајќи дел од својот богат фолклорен репертоар

Македонските културно-уметнички друштва од Австралија деновиве престојуваат во Македонија, каде преку настапи и средби со културни институции ја зацврстуваат врската со татковината и македонското културно наследство. Турнејата се

реализира во соработка со Националната агенција за иселеништво.

Во Македонија гостуваат МКУД „Светлост“ и МКУД „Гоце Делчев“ од Мелбурн, како и МКУД „Македонски бисери“ од Волонгонг. Во наредните денови тие ќе настапат во Скопје, Крушево, Велес, Битола и Охрид, претставувајќи изворни македонски ора и песни.

МКУД „Светлост“, основано во 1960 година, е првото македонско културно-уметничко друштво во Австралија. „Гоце Делчев“ повеќе од три децении ја негува македонската фолклорна традиција, додека „Македонски бисери“ од Волонгонг, основано во 2014 година, работи со деца и млади, најголем дел Македонци од втора, трета и четврта генерација, кои преку фолклорот, музиката и македонскиот јазик го зачувуваат својот културен идентитет.

Во рамки на посетата, младите играорци од МКУД „Светлост“ го посетија и Националниот ансамбл „Танец“, каде присуствуваа на проба и следеа презентација за македонските народни носии.

За најмладите членови, родени и израснати во Австралија, оваа турнеја претставува можност да ја запознаат Македонија и да ја зацврстат врската со културното наследство што со гордост го негуваат во Австралија.



**Членовите на МКУД „Гоце Делчев“ од Мелбурн изведоа традиционални македонски ора и песни, пренесувајќи ја љубовта кон македонската култура што со децении ја негуваат во дијаспората**




# ИЗЛЕЗЕ НОВОТО ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ НА АВСТРАЛИСКО МАКЕДОНСКИ НЕДЕЛНИК


www.australianmacedonian.com.au

AUSTRALIAN MACEDONIAN WEEKLY

Австралиско Македонски Неделник

Edition No. 1920 Year 39 • Tuesday, 7 July 2026 • Price $5.00 inc GST

Патувајте во Македонија и секаде во светот
AVIO TRAVEL
335 High St Preston
03) 9471 4556
03) 9471 4559
mobile
0401 686 970

ПОПИСОТ 2026 ЌЕ ЈА ПОКАЖЕ ВИСТИНСКАТА БРОЈНОСТ НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО АВСТРАЛИЈА

ФОЛКЛОРЕН СПЕКТАКЛ ВО ЗЕМЈАТА НА СВОИТЕ ПРЕДЦИ

МЛАДИТЕ ИГРАОРЦИ ОД АВСТРАЛИЈА ЈА ПОЧУВСТВУВАА
МАГИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА

ПАДОТ НА ЦЕНИТЕ НА НЕДВИЖНОСТИТЕ
МНОГУМИНА СО ПОГОЛЕМ ДОЛГ ОД ВРЕДНОСТА НА ДОМОТ

ГЛАСАЊЕ ОД ДИЈАСПОРАТА ПО ЕЛЕКТРОНСКИ ПАТ СТАНА „КАМЕН НА СОПНУВАЊЕ"

МАКЕДОНСКИ РУБИН:
РОЗОВИОТ КАМЕН ОД ПРИЛЕП ШТО КОНЕЧНО ДОБИ СТАТУС НА НАЦИОНАЛНО БОГАТСТВО

РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА ВЛАДА ЌЕ СЕ ГЛАСА НА 13 ЈУЛИ

БЕЗ ПОБЕДА, НЕМА НАПЛАТА
arnold thomas & becker lawyers
НИЕ СМЕ АДВОКАТСКА ФИРМА СО ЕКСПЕРТИ ЗА:
- сообраќајни повреди / TAC
- повреди на работно место / workcover
- побарувања од медицинска небрижност
- побарувања за повреда при раѓање
- побарувања за отштета од азбестос
- повреди на јавно место
- повреди работници на државни места /Comcare Claims
- Суперануација / неспособност за работа
За проблемите што ги имате околу повреди на работно место зборувајте со ТОНИ ШИШКОВСКИ на македонски јазик на (03) 9614 1433
Tony Siskovski
Director
ЕКСПЕРТИ ВО ЗАКОНОТ ЗА ПОВРЕДИ
573-577 Lonsdale Street, Melbourne, VIC 3000 www.arnoldthomasbecker.com.au

# АФИРМИРАТОР НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК, КУЛТУРА И ТРАДИЦИЈА

СЕКОЈ ВТОРНИК ВО ВАШАТА НАЈБЛИСКА ПРОДАВНИЦА ЗА ВЕСНИЦИ

# Португалските медиуми удрија по селекторот и Роналдо: Ужас, его и ароганција

Португалските медиуми беа бесни по елиминацијата на Португалија од Светското првенство. Португалците во 16-финалето со 1:0 загубија од Шпанија. Ги уништи голот на Микел Мерино во 91-та минута.

На удар на медиумите, што досега беше незамисливо, се најдоа најголемата ѕвезда, 41-годишниот Кристијано Роналдо и селекторот Роберто Мартинез, кој веќе и не е селектор на Португалија (му заврши мандатот).



„Време е еднаш засекогаш да се затвори циклусот на капитенот, кој и онака траеше предолго. Со Роберто Мартинез на клупата, Португалија беше преценета и плашлива репрезентација која не ги исполни огромните очекувања“, пишува „А Бола“, наведувајќи дека е време да се збогуваат со Роналдо од репрезентацијата. Текстот е напишан под наслов „Кристијано Роналдо, не сакаме да те “убиеме“, но доста е“.

„Време е и Кристијано Роналдо да се повлече, бидејќи веќе сфативме дека неговото его не му дозволува да му биде резерва на играч кој денес дава неспоредливо подобар придонес. Засекогаш ќе остане непознато како би изгледало ова Светско првенство без болната обврска на Кристијано Роналдо да биде на теренот сите 90 минути, на секој натпревар“, заклучува „А Бола“.

Роналдо стана првиот играч во историјата што постигнал гол на шест различни светски првенства (на ова СП постигна вкупно три). На сите светски првенства Роналдо одиграл 27 натпревари (само Лионел Меси има повеќе, 30) при што постигна 11 гола и имаше две асистенции. Досега одиграл 233 натпревари за Португалија, постигнал 146 гола и асистирал за 46. Со репрезентацијата беше европски шампион во 2016 година, а освои и две Лиги на нации.

## „Пред мене немавме ниту една титула“

За да бидеш дел од вечната дебата за најдобриот фудбалер на сите времиња, многумина велат дека мора да ја освоиш и титулата светски шампион со својата репрезентација. Тоа им успеа на Пеле, Диего Марадона и Лионел Меси, но не и на Роналдо. По последниот судиски свиреж на мечот на кој Шпанија победи и отиде понатаму, камерите го уловија 41-годишниот капитен на Португалија како не може да ги задржи солзите, свесен дека повеќе никогаш нема да има можност да го исполни својот најголем сон.

Иако трофејот остана недостижен, неговото наследство е неспорно. Тој потсети дека со Португалија освои три големи трофеи, нешто што генерациите пред него не успеале да го направат.

– Пред Роналдо, Португалија немаше освоено ниту една титула. Најголемиот успех за мене останува европската титула во 2016 година. Тој трофеј има иста тежина како да сум освоил Светско првенство. Заминувањето без светската титула нема да ме направи помалку Кристијано, порача легендарниот напаѓач.

## Тухел: Судиите на СП едноставно не се доволно добри

Селекторот на Англија, Томас Тухел, ги критикуваше судиите на Светското првенство.

- Судиите едноставно не се доволно добри, четвртите судии едноставно не се доволно добри. Тоа е суштината. На мечот против Мексико ја променија одлуката во ситуација каде што судијата дури и не досуди фаул на почетокот, изјави Тухел за Би-Би-Си.

MILE UNCEVSKI FUNERAL SERVICES
Прва македонска погребна канцеларија во Австралија
Миле Унчевски ги разбира македонските православни обичаи и погреби, тој е тука да ви помогне во најтешките моменти.
Повеќе од 9 години Миле со неговата погребна компанија помага во најтешките моменти.
За денот на погребот можеме да ви обезбедиме крпи, литургија, пченица.
Организираме погреби од Австралија во Македонија и обратно, доколку некој покоен имал желба да биде погребан во Македонија или во Австралија.

Зборувајте со Миле Унчевски на 02 9502 3205
Serving the Macedonian Orthodox Community 24 Hours/7 Days
403 Forest Road, Bexley NSW 2207
Tel: 02 9502 3205, Fax: 02 9554 9735

# Прв пат досега: Четвртфиналето без трите најтрофејни репрезентации



Со елиминацијата на Бразил во осминафиналето на Светското првенство 2026 против Норвешка, беше испишана нова страница во историјата на Светското првенство. За прв пат по Светското првенство, ниту една од трите репрезентации со најмногу титули, Бразил, Германија и Италија, нема да биде меѓу осумте најдобри селекции. Германија беше елиминирана во 1/16 финалето од Парагвај. Италија дури не се ни квалификуваше за финалниот куп.



# ЕХФ одлучи: Пелистер ќе игра во Лигата на Европа, Охрид ќе ја брани титулата во Европскиот куп

Македонскиот ракомет ќе има еден претставник во новата сезона и во Лигата на Европа. Еурофарм Пелистер и официјално е потврден како учесник во второто по квалитет европско клупско натпреварување, додека Охрид и следната сезона ќе настапува во ЕХФ Европскиот куп.

По добивањето на место за Вардар во Лигата на шампионите, битолчани го презедоа местото резервирано за македонскиот првак во Лигата на Европа според националниот рејтинг. Во исто време, Европската ракометна федерација (ЕХФ) не го прифати барањето на Охрид за добивање вајлд-карта и настап во елитното европско натпреварување.

Еурофарм Пелистер ќе биде дел од групната фаза и ќе се најде во првиот шешир пред ждрепката која е закажана за 17 јули. Битолчани ќе го започнат настапот на 29 и 30 септември, кога ќе бидат одиграни првите натпревари од новата сезона.

Во новиот формат на Лигата на Европа ќе учествуваат 32 екипи поделени во групи. Првите две пласирани екипи од секоја група ќе обезбедат пласман во плејоф-фазата, каде ќе им се приклучат и третопласираните и четвртопласираните тимови од групите во Лигата на шампионите.

Охрид, пак, ќе продолжи да се натпреварува во ЕХФ Европскиот куп, откако не успеа да добие место во посилното европско натпреварување.



# Јанис официјално стана играч на Мајами



Двократниот МВП на НБА, Јанис Адетокунбо, официјално стана играч на Мајами Хит, откако франшизата од Флорида постигна договор со Милвоки Бакс во спектакуларна размена.

Според договорот, Боби Портис ќе пристигне во Мајами заедно со Адетокунбо, додека Тајлер Хиро, Кел'ел Вер, Хаиме Хакез Џуниор и Каспарас Јакутсионис ќе одат во спротивна насока.

Адетокунбо ја помина целата своја НБА кариера досега во Милвоки, кој го избра како 15-ти пик на драфтот во 2013 година.

Во текот на 12 сезони, тој израсна во еден од најдобрите играчи во светот, освои две награди за МВП и ги предводеше Бакс до титулата шампион на НБА во 2021 година.

Неговото заминување од Милвоки беше најавувано долго време, особено откако јавно го критикуваше раководството на клубот минатата сезона за одлуката да не му дозволи да се врати на теренот по повредата на левото колено.

Мајами досега освои три титули во НБА – во 2006, 2012 и 2013 година, а со доаѓањето на Адетокунбо, јасно покажа дека сака повторно да се вклучи во борбата за шампионски прстен.




# Познати се можните противници на Македонија во втората рунда од претквалификациите

Со максимален ефект од шест победи во исто толку натпревари, сениорската репрезентација на Македонија на убедлив начин ја заврши првата рунда од претквалификациите за пласман на Евробаскетот 2029 и како првопласирана во групата „А“ обезбеди место во следната фаза од квалификацискиот циклус.



Покрај Македонија, директно изборија пласман во втората рунда од претквалификациите и репрезентациите на Словачка, Бугарија и Норвешка.

Во втората рунда ќе учествуваат вкупно 12 репрезентации, распределени во четири групи од по три селекции.

Со завршувањето на квалификациите за Светскиот куп 2027, познат е и кругот на можни противници на Македонија во претстојната ждрепка. Нашата репрезентација ќе може да се најде во група со Данска, Романија, Швајцарија, Велика Британија, Кипар, Белгија, Австрија и Чешка.

Ждрепката за формирање на четирите групи од втората рунда на претквалификациите за Евробаскетот 2029 ќе се одржи на 15 јули.

Australian Macedonian TODAY
Австралиско Македонски ДНЕВНИК
22
СПОРТ
ISSN 1442-195X
9 771442 195005

# ДРАМА НА МУНДИЈАЛОТ: АВСТРАЛИЈА ЕЛИМИНИРАНА НА ПЕНАЛИ ОД ЕГИПЕТ



Австралија не успеа да се пласира во осминафиналето на Светското првенство, откако загуби од Египет со 4-2 на пенали. По 120 минути игра резултатот беше 1-1, а Египет за првпат во историјата обезбеди место меѓу најдобрите 16 репрезентации.

„Сокерусите“ имаа подобар почеток и создадоа неколку шанси, но Египет поведе во 13. минута преку Емам Ашур. Австралија израмни во второто полувреме по автоголот на Мохамед Хани, а до крајот немаше нови погодоци.

Пред пеналите, селекторот Тони Поповиќ го замени голманот Патрик Бич со Мет Рајан, но потегот не вроди со плод. Хари Саутар и Лукас Херингтон не реализираа, додека Египет беше максимално прецизен, а решавачкиот пенал го постигна Хосам Абделмагид.

Горан Саботкоски -
Вашиот доверлив забен протетичар



Повеќе од 30 години, нескротливата страст на Горан е да создава естетски пријатни и целосно функционални забни протези, посветени на подобрување на квалитетот на вашиот живот.

Горан ја комбинира умешноста со напредната технологија за изработка на врвни, прилагодени забни протези кои ја враќаат вашата самодоверба и удобност.

Од првата консултација до финалниот производ – добивате индивидуален третман, беспрекорна изработка и висок квалитет кој трае.
- Целосни горни и долни протези
- Парцијални акрилни и метално-леени протези
- Современи флексибилни протези
- Брзи поправки и обновување во ист ден
- Заштитници за заби (mouthguards)
- Бесплатна професионална консултација
- Посети во дом и домови за нега за лица со ограничена подвижност



Горан Саботкоски
Забен протетичар

Јавете се денес и закажете ја вашата БЕСПЛАТНА консултација
Mob: 0415 539 884
Tel: (03) 9497 9666
Email: primedentdc@gmail.com
Primedent
Denture Clinic
145 High St, Thomastown VIC 3074
www.primedentdc.com.au

БЕЗ ПОБЕДА, НЕМА НАПЛАТА



Tony Siskovski
Director
ЕКСПЕРТИ ВО ЗАКОНОТ ЗА ПОВРЕДИ

НИЕ СМЕ АДВОКАТСКА ФИРМА СО ЕКСПЕРТИ ЗА:
- сообраќајни повреди / TAC
- повреди на работно место / workcover
- побарувања од медицинска небрижност
- побарувања за повреда при раѓање
- побарувања за отштета од азбестос
- повреди на јавно место
- повреди работници на државни места /Comcare Claims
- Суперанауација / неспособност за работа



arnold thomas & becker lawyers

За проблемите што ги имате околу повреди на работно место зборувајте со ТОНИ ШИШКОВСКИ на македонски јазик на (03) 9614 1433

573-577 Lonsdale Street, Melbourne VIC www.arnoldthomasbecker.com.au

# ПРЕСТОН МАКЕДОНИЈА ЌЕ ИГРА ВО ФИНАЛЕТО НА ДОКЕРТИ КУП

## НОРТ САНШАЈН – ПРЕСТОН МАКЕДОНИЈА 0:1




**„Лавовите“ го совладаа Норт Саншајн и во финалето ќе се борат за трофејот против вечниот ривал Хајделберг Јунајтед**

Престон Македонија продолжува да испишува нови страници во својата богата историја. Лавовите обезбедија пласман во финалето на престижниот Докерти куп, откако во полуфиналето како гостин со минимални, но сосема заслужени 1:0 го совладаа Норт Саншајн Иглс.

На стадионот „Лариса Ризерв“ се водеше вистинска куп-битка, со цврсти дуели и малку шанси. Кога беше најпотребно, во 80 минута на сцена стапи Џани Албано. Неговиот погодок се покажа како пресуден носејќи голема радост кај фудбалерите, стручниот штаб и бројните навивачи на Престон Македонија.

„Лавовите“ уште еднаш покажаа дека знаат како се добиваат големи натпревари. Со дисциплинирана игра, цврста одбрана и победнички карактер, успеаја да ја сочуваат предноста до последниот судиски свиреж и заслужено да го прослават пласманот во финалето.

Посебна заслуга за атмосферата имаа и верните симпатизери на Престон Македонија, кои во голем број допатуваа на гостувањето и во текот на сите 90 минути беа дванаесеттиот играч на својот тим.

Докерти купот е едно од најстарите и најценети фудбалски натпреварувања во Викторија. Основан уште во 1909 година, турнирот ги собира клубовите од сите рангови на фудбалот во Викторија.

Во големото финале Престон Македонија ќе се сретне со својот стар и добро познат ривал Хајделберг Јунајтед. Финалната пресметка е закажана за сабота, 8 август, на стадионот „Лејксајд“, со почеток во 14:30 часот, а се очекува спектакл пред исполнети трибини.

Но, тоа не е единствениот голем предизвик за македонскиот клуб. Престон Македонија годинава е меѓу финалните 32 екипи во Купот на Австралија. Следниот испит е веќе во вторник, 21 јули, кога на домашниот стадион во Резервоар ќе го пречека составот на Њукастел Џетс од А-лигата. Натпреварот започнува во 19:30 часот, а победникот ќе направи уште еден голем чекор кон националната фудбалска слава.

Престон Македонија е на само еден чекор од нов трофеј во Викторија, но и продолжува да сонува за успех на националната сцена – сон што сезонава изгледа сѐ пореален.